# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Петок, 19 Април 2013 година Број 8/2013 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлука за формирање на постојани
комисии на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за за формирање на постојани комисии на Советот на општина Радовиш, бр. 07-713/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 18.04.2013 год.

Бр. 08-713/2 Градоначалник на
19 Април 2013г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 21,став 1, точка 38, член 27 и член 28 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 18.04.2013 год. донесе

ОДЛУКА
за формирање на постојани комисии на
Советот на општина Радовиш

член 1

Се формираат постојани Комисии на Советот на општина Радовиш и тоа :

1. Комисија за статут и прописи;
1. Ангел Манев - претседател
2. Николчо Миовски - член
3. Данче Тричковски- член
4. Никола Ѓоргиев - член
5. Енис Омеров - член

2. Комисија за Финансирање, Буџет и Локален Економски Развој
1. Ѓорги Манев - претседател
2. Ѓеорги Крстев - член
3. Билјана Филипова Теохарева - член
4. Ангел Манев- член
5. Николчо Миовски- член

3. Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
1. Александра Трајанова - претседател
2. Љупчо Јорданов - член
3. Димитар Ивановски - член
4. Николчо Миовски - член
5. Енис Омеров- член

4. Комисија за култура, образование и спорт
1. Данче Тричковски - претседател
2. Емел Готак - член
3. Изабела Ангелова- член
4. Ванчо Коцев- член
5. Баже Манев- член

5. Комисија за здравство и социјална заштита
1. Баже Манев - претседател
2. Димитар Ивановски - член
3. Данче Тричковски - член
4. Изабела Ангелова - член
5. Емел Готак- член

6. Комисија за јавна безбедност, безбедност во сообраќајот и противпожарна заштита
1. Ѓеорги Крстев - претседател
2. Ѓорги Манев- член
3. Димитар Ивановски - член
4. Ангел Манев - член
5. Наце Николов - член

7. Комисија за награди и признанија
1. Александра Трајанова - претседател
2. Ангел Манев - член
3. Здравко Трајанов - член
4. Изабела Ангелова- член
5. Емел Готак - член

8. Комисија за месна самоуправа и граѓански иницијативи
1. Ѓорги Манев- претседател
2. Даме Димитров - член
3. Ангел Манев - член
4. Димитар Ивановски - член
5. Ѓеорги Крстев - член

9. Комисија за земјоделие
1. Наце Николов- претседател
2. Даме Димитров - член
3. Енис Омеров - член
4. Марина Божинова - член
5. Данче Тричковски- член

10. Комисија за еднакви можности на жените и мажите
1.Билјана Филипова Теохарева- претседател
2. Данче Тричковски - член

3. Александра Трајанова - член
4. Ѓорги Манев - член
5. Ангел Манев - член
6. Ѓеорги Крстев - член

Бр. 07-713/1 Совет на општина Радовиш
18 Април 2013 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висината на штета од елементарни непогоди за катастарските општини во општина Радовиш кои беа зафатени од поројните дождови на 25, 26 и 27 февруари 2013 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висината на штета од елементарни непогоди за катастарските општини во општина Радовиш кои беа зафатени од поројните дождови на 25,26 и 27 февруари 2013 година бр.26-614/1 од 08.04.2013 гдоина, број 07-714/1,07-714/2, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 18.04.2013 год.

Бр. 08-714/3 Градоначалник на
19 Април 2013г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на 18.04.2013 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висината на штета од елементарни непогоди за катастарските општини во општина Радовиш кои беа зафатени од поројните дождови на 25,26 и 27 февруари 2013 година

член 1

Се усвојува Елаборат за процена и утврдување на висината на штета од елементарни непогоди за катастарските општини во општина Радовиш кои беа зафатени од поројните дождови на 25, 26 и 27 февруари 2013 година

член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Радовиш“.

Бр. 07-714/1 Совет на општина Радовиш
18 Април 2013 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

ЕЛАБОРАТ
За процена и утврдување на висината на штета од елементарни непогоди за Ко.Злеово , дел од Ко. Оаовица, дел од Ко.Подареш , дел од Ко. Калуѓерица , Ко.Ињево, Ко.Радовиш и др.

ВОВЕД

На ден 25, 26 и 27 Февруари .2013 година Општина Радовиш ја зафати големо невреме проследено со поројни дождови, така што од преголемите количини на вода во реките во нашата Општина дојде до излевање на водите од речните корита и разлевање на големите води по природен пат.

Од надојдените води од во с.Злеово беа отцепени насипите на две таканаречени мини брани , водопоила, или поголеми рибници кои од голема количина на вода истата се разлеала по природен пат низ родното поле и нанела штети врз посевите.

Исто така од големите води кои се влеваат во Радовишка река беше однесен мостот на реката кој го поврзува с.Злеово со магистралниот пат М-6 .

Невремето има зафатено површин од 132,6 хе (хектари), од повеќе катастарски општини од Општина Радовиш.

Во текот на наредниот ден Комисијата за елементарни непогоди при Општина Радовиш излезе на самото место ,изврши увид на оштетени површини посеани со земјоделски култури, ги посети поплавените објекти низ Општината, направи фотографии .

Комисијата се состана на ден 26.02. 2013 година се договори да се пристапи кон изготвување на Елаборат за проценка на настанатата штета и истиот да се достави до Владата на Република

Македонија, така што ја информиравме јавноста за доставување на барања во рок од 5 дена до комисијата при Општина Радовиш, со потрбната документација за доказ .

Комисијата формира подкомисии од стручни лица, Дипломирани земјоделски инженери и ги задолживме да излезат на самото место по доставените барања да извршата проценка на процент на оштетеност за секоја пријавена катастарска парцела , да состават записник за утврдување на штетета со процент на оштеност и финансиски средстава од очекуван принос.

Направено е записници од страна на комисијата за сите пријавени земјоделски култури ,така што сето тоа е претставено во овој елаборат со табели ,по култури и класи, со процент на оштетеност и очекуван принос.

Во изготвувањето на Елаборатот за проценка на штета од лице место па се до комплетирање на истиот учествуваа:

1. Верка Стевчева- претседател
2. Иле Ѓеоргиев
3. Љупче Тадиров
4. Добрилка Стоименова
5. Марина Божинова
6. Даниела Атанасова
7. Јасмина Јефремова

Во прилог доставуваме табели и фотографии направени од самото место, утрердента после невремето.

Бр. 07-714/2 Совет на општина Радовиш
18 Април 2013 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Планот на измена и дополнување на ДУП за блок-27 дел

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за утврдување на Нацрт-Планот на измена и дополнување на ДУП за блок-27 дел, бр. 07-715/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 18.04.2013 год.

Бр. 08-715/2 Градоначалник на
19 Април 2013г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 24 точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање прочистен текст (сл.весникна РМ бр.60/2011 и 144/2012), чл.22, ст.1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весникна РМ бр.5/2002) и чл.15, ст.1, т.1 И чл.21, ст.1 т.7, од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник бр.5/2002), Градоначалникот на општина Радовиш на седница одржана на ден18.04.2013 год, донесе:

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ ПЛАНОТ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА БЛОК-27 дел,

чл.1

Со оваа Одлука Советот на општина Радовиш го Утврдува Нацрт планот за измените и дополнувањата на Деталниот урбанистичко план за блок -27 дел, со површина на опфат од 0,95 ха. и е дефиниран по следните граници на плански опфат:

- На северо-запад границата е по осовината на улица „Обрад Цицимил„
- На северо-исток границата е по осовина на улица „1„
- На југо-исток границата е по осовината на улица „Илинденска„
- На југо-запад границата е по осовината на улица „Кеј 8-ми Септември„

чл.2

Нацрт планот на овој ДУП во основа е изработен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, прочистен текст (Сл.весник на РМ бр.60/2011 и 144/2012).

чл.3

Констатирано е да на овој Нацрт план има извршено Стручна ревизија од овластено правно лице „ПРОСТОР„ доо Куманово, со Тхе.бр.16/13 од април 2013 година.

чл.4

Има Одговор на стручната ревизија од изготвувачот „ИН-ПУМА„ доо Скопје, во кој се вградени забелешките и сугестиите од стручната ревизија на ревидентот.

чл.5

Од страна на Стручната комисија при Општина Радовиш има изготвено Стручно

мислење заверено под бр.26-255/7 од 16.04.2013г.

чл.6

Советот на општина Радовиш целосно е запознаен со постапката и претрпените измени и допуни на овој Нацрт план.

чл.7

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во "Службен гласник на општина Радовиш ".

Бр. 07-715/1 Совет на општина Радовиш
18 Април 2013 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈП "Плаваја "Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈП "Плаваја " Радовиш бр. 07-716/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 18.04.2013 год.

Бр. 08-716/2 Градоначалник на
19 Април 2013г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 22 став 3 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002), како и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш (Службен гласник на општина Радовиш бр. 5/2002), Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 18.04.2013 год, донесе

ОДЛУКА
За одобрување финансиски средства
на ЈП "Плаваја " Радовиш

член 1

Советот на општина Радовиш одобрува финансиски средства во висина од - 3.500.000,оо денари на ЈП "Плаваја " Радовиш.

Средствата се одобруваат за набавка на наменски специјални комунални возила за потребите на дејноста.

член 2

Средствата одобрени на ЈП "Плаваја " Радовиш од став 1 на оваа Одлука ќе бидат исплатени на добавувачот од страна на финансиската служба на општината по добивање на возилата.

Помеѓу учесниците во платниот промет ќе се склучи договор за асигнација.

За искористените средства ЈП Плаваја се задолжува да достави извештај со документација во копија.

член 3

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката бр. 07-448/1 од 25.02.2013 год. Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Радовиш ".

Бр. 07-716/1 Совет на општина Радовиш
18 Април 2013 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлука за формирање на постојани комисии на Советот на општина Радовиш-------------------------- 1
ОДЛУКА за формирање на постојани комисии на Советот на општина Радовиш-------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висината на штета од елементарни непогоди за катастарските општини во општина Радовиш кои беа зафатени од поројните дождови на 25, 26 и 27 февруари 2013 година------------------- 2
ОДЛУКА за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висината на штета од елементарни непогоди за катастарските општини во општина Радовиш кои беа зафатени од поројните дождови на 25,26 и 27 февруари 2013 година--------------------- 2
ЕЛАБОРАТ За процена и утврдување на висината на штета од елементарни непогоди за Ко.Злеово , дел од Ко. Оаовица, дел од Ко.Подареш , дел од Ко. Калуѓерица , Ко.Ињево, Ко.Радовиш и др.-------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Планот на измена и дополнување на ДУП за блок-27 дел----- 3
ОДЛУКА за утврдување на нацрт планот на измена и дополнување на ДУП за блок-27 дел, ----3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства на ЈП "Плаваја "Радовиш------------------------------------- 4
ОДЛУКА За одобрување финансиски средства на ЈП "Плаваја " Радовиш-------------------------------- 4